Директорот на Управата за изрвшување на санкции Лидија Гаврилоска и Претседателот на Државната Комисија за спречување на корупција Игор Тантуровски потпишаа меморандум  за соработка на 17.05. 2017 година во Тренинг Центарот во Идризово.



Потпишувањето на меморандумот е резултат од потребата за заедничка соработка, координација и имплементација на целите и активностите утврдени во Акциониот план за спречување корупција во националниот затворски систем.

Со овој меморандум е опфатена стручната соработка во процесот на едукација и обука од областа на корупцијата и судирот на интереси, одржување на редовни средби за ефективна меѓуинституционална соработка, реализација на јавни дебати, конференции, проекти  и кампањи за подигање на јавната свест, меѓусебна стручна соработка при изработка законска и друга регулатива, анализи и истражувања на корупцијата и судирот на интереси и останати активности кои се од особен интерес на двете институции.

Управата за извршување на санкции и Државната комисија за  спречување на корупцијата интензивно ќе соработуваат во насока на остварување на активностите предвидени во овој Меморандум и ќе даваат насоки за подобрување на меѓуинституционалната соработка.



Исто така по потпишувањето на меморандумот беше одржана и првата обука за Директорите на Казнено-поправните и воспитно-поправните установи на тема “Спречување на корупцијата, судирот на  интереси и заштита на укажувачите”.